# „IN-SOURCING“ КОНСАЛТИНГ МОДЕЛ

„**In-sourcing**“ моделот не нуди трендi програми или овозможува брзи резултати, тој се фокусира на долгорочни и постојани подобрувања на човечките ресурси и процеси во компаниите. Овој модел се грижи процесите и програмите кои се имплементираат, да обезбедат стабилен и во континуитет развој на фирмата.

Преку овој начин на функционирање ние можеме подобро да го запознаеме секој член од тимот, пазарот на кој функционира команијата, како и да се обезбедат по длабоки и продуктивни односи со внатрешните и надворешните соработници. Преку „**In-sourcing**“ моделот ние функционираме како целосно интегриран дел на компанијата и сме нераздвоен дел од работниот тим.

Основата на овој модел е да оствари максимални резултати со постоечките ресурси. Ние се фокусираме на подобрување на продажните перформанси, зајакнување на односите со клиентите и зацврстување на внатрешните процеси и системи на работење, со цел остварување на стабилен раст и развој на компанијата.

| **Области на примарен фокус** | **Области на секундарен фокус** |
|---|---|
| ▪ Маркетинг и Продажба<br>▪ Однос со Клиенти<br>▪ Корпоративна Култура<br>▪ Едукација на работниот тим | ▪ Организациона структура<br>▪ Финансии<br>▪ Процеси и Системи на работење<br>▪ Набавка |

### *Продажба*

**ГРАДЕЊЕ ДОВЕРБА (ВНАТРЕ И НАДВОР), ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТИМСКАТА РАБОТА, ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА (ВНАТРЕ И НАДВОР), ФОКУС НА КЛИЕНТИТЕ, ОСТВАРУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО ДРУГИ, КРЕАТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ, ДЕМОНСТРИРАЊЕ ВИСОК ИНТЕГРИТЕТ И ЗГОЛЕМУВА ПРОФИТ**

### *Маркетинг*

**РАЗВОЈ И ОДРЖУВАЊЕ НА МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА ВО СОГЛАСНОСТ НА ЦЕЛИТЕ НА КОМПАНИЈАТА, АНАЛИЗА НА КУПУВАЧОТ, ПАЗАРОТ И ДВИЖЕЊА НА ПАЗАРОТ, АНАЛИЗА НА КОНКУРЕНЦИЈА, ГЕРИЛА МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА, ИНИЦИРАЊЕ ИНОВАЦИИ, СОРАБОТКА СО ДРУГИ**

### *Однос со Клиенти*

Еден од најголемите фактори кој го одвојува еден бизнис од друг е способноста на една компанија да ја дефинира и обезбеди извонредна услуга на клиентите. Однос со клиентот не е оддел во фирмата, тоа треба да е дел од култутрата на работење на целата компанија.

### *Корпоративна Култура*

Идентификување и добро менаџирање со вредностите на компанијата може да има огромен ефект врз ставот и перформансите на организацијата. Корпоративната Култура е еден од најважните фактори кои влијаат на привлекуваање и задржување на топ таленти, можноста на компанијата да ги ангажира целосно и извади најдоброто од нив.

**МАКЕДОНИЈА-ЕКСПОРТ** ♦ Васил Стефковски 8/1♦ Скопје – Македонија♦ тел/факс: +389 2 31 21 907
www.macedonia-export.com ▌www.macedonia-consulting.com